КАРПОШ

неделен Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

18 - 24 ноември 2019 Билтен бр. 348

ГРИЖА ЗА НАЈВОЗРАСНИТЕ – ПРИОРИТЕТ И ХУМАНА ОБВРСКА

Карпош е Општината со најголем број на возрасни сограѓани, а во рамки на Неделата на грижа на стари лица, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев беше во посета на ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември“ – Скопје, одделот „Мајка Тереза“, во Злокуќани.

Пред присутните Богоев зборуваше за мерките кои локалната самоуправа ги презема за поголема инклузија на старите лица во рамки на локалната заедница.

Соцелда обезбедиме сеопфатна грижа и нега за повозрасните и изнемоштени лица, аплицираме на повик до Министерството за труд и социјална политика, за проектот „Хумани патроли“. Со него се предвидуваат домашни посети, нега и здравствена заштита на изнемоштени и стари лица, како и на граѓани на кои им е потребна ваква поддршка.

Исто така, од следната година ќе организираме почести посети на ученици од основните училишта и деца од градинките во овие установи каде што се згрижуваат стари лица. Целта е заедно со младите да изработувате ракотворби, да се дружите и да ја унапредувате меѓугенерациската дружба. На тој начин ќе се одржува и вашиот дух, виталност, а и младите имаат што да научат од вас, рече Богоев.

Одделението за детска, социјална и здравствена заштита подготви и посебни пакети со храна, кои, при денешната посета им беа донирани на лицата од „Мајка Тереза“. Општина Карпош продолжува да се грижи за највозрасните сограѓани и да инвестира во нивно вклучување во заедницата.

ЗАСАДЕНИ СЕ НОВИ ДРВЈА ВО НЕРЕЗИ

Општина Карпош во рамки на есенската акција за зголемување на зеленилото денеска засади 25 висококвалитетни дрвја, јавори и 15 туи, во населбата Нерези.

Минатата недела, на овој потег беа засадени и украсни растенија, со што значително се зголеми фондот на зеленило во овој дел од Општината.

Периодов беше засадено ново зеленило и во Карпош 3, околу ТЦ „Лептокарија“, како и во Влае 2, кај инклузивното игралиште.

Локалната самоуправа продолжува со интензивните активности за заштита на животната средина и надоместување на изгубеното зеленило.

ФРЛАЈ ПАМЕТНО ЗА ЧИСТ КАРПОШ

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев и директорот на ЈП КХС, Абдусамед Шабани, денеска беа во обиколка на Центарот за селекција на отпад, кој се наоѓа во Карпош 3, долж бул. „Илинден“, (позади бензинската пумпа „Макпетрол“).

На оваа локација, граѓаните можат да го донесат и да се ослободат од кабастиот отпад (застарен мебел, електронски и електричен отпад,) со што, не би се создавале диви депонии и би се придонело кон почиста животна средина.

Исто така, преку телефонската линија 0800 – 222 – 33 карпошани имаат можност да договорат одлагање на отпадот од нивното домаќинство (оваа услуга се наплаќа).

Во оваа пригода, Богоев зборуваше за информативната кампања која Општина Карпош ќе ја спроведе во сите населби на своја територија. Имено, преку информативни постери и флаери граѓаните ќе ги добијат сите потребни информации за правилно фрлање и одлагање на секој вид отпад. Општината работи на подигнување на јавната свест, но и на санкционирање на сите оние кои свесно ја загадуваат животната средина.

Десет службеници кои работат во рамки на урбаните заедници добија овластување за комунални редари, со што се зголемува теренската контрола и санкциите за оние кои свесно ја загадуваат животната средина. Сите носиме одговорност за заштита на околината, а Карпош со сите ресурси делува во оваа насока, рече Богоев.

Исто така, електронскиот и електричниот отпад може да се одложи и во пунктовите: во Влае 2, до игралиштето кај мостот „Обединети нации“ и Центарот за селекција на отпад на ЈП КХС или да се пријави на 070 – 236 – 000 и истиот да се подигне од страна на Друштвото за управување со отпад „НУЛА ОТПАД“.

На веб страната на Општина Карпош е поставен банер, преку кој граѓаните и по електронски пат можат да ги добијат потребните информации за правилно одлагање на отпадот, да пријават дива депонија или оган на отворено.

Директорот на ЈП КХС се осврна на редовните активности на јавното претпријатие, а најави и чистење на нови деценски депонии во Карпош.

Локалната самоуправа ги повикува сите граѓани да водат сметка за заштита на животната средина и да ги почитуваат законските одредби за правилно одлагање на отпадот.

КАРПОШ МАПИРАШЕ КРИТИЧНИ ТОЧКИ ЗА ПОТЕНЦИЈАЛНИ ДЕПОНИИ



Надлежните служби во Карпош мапираа 13 локации на територија на Општината каде што има создадено отпад на јавни површини. Преку стратешки пристап и нивно мапирање, локалната самоуправа презема мерка за чистење на овие т.н. диви депонии.

Како дел од мерките и активностите предвидени во Акцискиот план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП (Локален Еколошки Акционен План за 2019 година, од областа отпад) Секторот за екологија и енергетска ефикасност започна со евидентирање и изготвување на листа и мапа на ѓубришта на територија на Општина Карпош. За истата цел, Секторот соработуваше со урбаните заедници во Општината. Урбаните заедници, од нивна страна пак, пријавија можни локации за несоодветно и несовесно одлагање на отпад на територијата на Карпош.

При оваа акција е констатирано дека е зачестена појавата на несовесно одлагање на отпад на повеќе локации, јавни површини во општина Карпош каде што се поставени контејнери. За таа цел, изготвена е мапа на покритични ѓубришта на територија на Карпош, а и Општината веќе презема превентивни и конкретни активности тие да не прераснат во депонии:

Локалната самоуправа ги интензивираше инспекциските контроли, со тоа што десет службеници од урбаните заедници добија овластување за комунални редари, со цел да се санкционираат загадувачите на терен.

Општина Карпош започна со чистење на овие критични локации. Минатата недела се исчисти депонијата во Злокуќани, кај фудбалското игралиште. Исто така, се подигнаа депониите кај „Газела“ (спроти Карпош 4) и во близина С.Ц. „Борис Трајковски“.

Следува чистење на депонии во близина на р.Лепенец и од другата страна на мостот „Газела“.

Започнавме со информативна кампања, која ќе допре до сите граѓани за правилно одлагање на цебниот, комуналниот, кабастиот, електричниот и електронскиот отпад. На www.karpos.gov.mk, сите информации за заштита на животната средина се систематизирани на едно место.

Врз основа на подготвената мапа, комуналните служби на Карпош се фокусираат на чистење на јавните површини, како и на комуникација со градските власти и јавни претпријатија, за „загрозените“ површини кои се во нивниот делокруг на работење.

КАРПОШ – ПРИМЕР ЗА ИНКЛУЗИВНА ЗАЕДНИЦА

Инклузијата да биде начин на размислување, а не само вредност во рамки на нашите проектни активности, беше еден од главните заклучоци на денешната завршна конференција „Споделување на добри инклузивни практики и презентација на Модел на инклузивна општина“, во организација на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“.

На настанот, еден од говорниците беше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев. Локалната самоуправа во соработка со „Чекор по чекор“ и организацијата „Сината птица“ неодамна ја отвори и сензорната соба за ученици со попреченост во ООУ „Вера Циривири – Трена“, во Карпош 2.

Вакви простории за ученици со попреченост веќе има во „Јан Амос Коменски“, и „Димо Хаџи Димов“, а се работи на сензорни соби и во „Лазо Трповски“ и „Аврам Писевски“.

Богоев зборуваше и за другите активности кои ги презема општината во креирањето на инклузивно предучилишно и основно образование, но и во хуманизацијата на јавниот простор.

Добивме и инклузивно игралиште во Влае 2, до плоштадот „Делфина“, при што реквизитите се прилагодени и за децата со попреченост. Дополнително, до крајот на годината ќе обезбедиме и нови еко – играчки за децата во градинките, а во „Орце Николов“ и „Мајски цвет“ воведуваме нови методи, најмладите преку игра ќе учат за основните поими и ќе ги развиваат когнитивните вештини, рече Богоев.



Извршната директорка на фондацијата „Чекор по чекор“, Сузана Киранџиска истакна дека Карпош претставува пример во градењето на инклузивна заедница, која одговара на потребите на сите граѓани. Пред претставниците од повеќе општини, институции и граѓански организации Киранџиска посочи дека во нашата земја има позитивни примери кои треба да ги истакнуваме.

Деновиве сме сведоци дека малиот Јане, со својата упорност и енергија прати порака до целиот свет, од седиштето на Обединетите нации.

Градоначалникот Богоев истакна дека инклузивното игралиште и сензорните соби не се само корисни за неговите главни корисници, туку влијаат на промена во целото општество.

Започнавме да ги менуваме навиките. Преку еден позитивен пример, ги охрабруваме и другите, сите проекти, активности и политики да ги прилагодуваат за лицата со попреченост. Тоа е патот кој води кон рамноправно и среќно општество, заврши Богоев.

Општина Карпош во текот на следната недела ќе го промовира и новиот концепт на учење во предучилишното образование, заедно со едукативниот центар „Скампер“, а во подготовка е и одбележувањето на 3 декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост.

ИСЧИСТЕНА УШТЕ ЕДНА ДИВА ДЕПОНИЈА ВО БАРДОВЦИ

Исчистена е уште една дециниска, дива депонија во Бардовци, долж течението на реката Лепенец. Подигнати се 550 кубни метри отпад, кој со години се таложеше на оваа локација и придонесуваше кон зголемување на аерозагадувањето. Тука се палеа и огнови на отворено и се одлагал шут.

Акцијата ја спроведе Општина Карпош во соработка со ЈП „Комунална хигиена“ Скопје. Дополнително, ќе се постават бариери за да се спречи создавање на нова депонија, а се интензивираат и инспекциските служби на овој потег.

Во изјава за медиумите, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев се осврна на интензивните активности на локалната самоуправа за заштита на животната средина:

Минатата недела, затворивме и депонија во Злокуќани кај фудбалското игралиште.Со тоа, изминатиов период затворивме повеќе критични точки кои со години претставувале опасност за животната средина: депонијата кај „Газела“, депониите кај С.Ц. „Борис Трајковски“ и горе посочените депонии.

Исто така, започнавме со еден стратешки пристап кон расчистувањето на отпадот во Карпош. Оваа недела објавивме дека мапиравме 13 локации на кои има поголема количина отпад, а денешната локација е токму таква и е дел од мапираните локации. Во наредниот период продолжуваме со чистење и на останатите критични точки, рече Богоев.

Денеска, комуналните служби на Карпош чистат повеќе делови од Бардовци, а се мијат и улиците со цистерни од страна на ЈП „Комунална хигиена“ – Скопје. Исто така, се чисти и страничниот дел од патот кој води до „Свислион“.

Општина Карпош веќе ја спроведува и информативната кампања за правилно одлагање на ѓубен, комунален, кабаст и електричен/електронски отпад. Сите граѓани можат да ги добијат потребните информации на www.karpos.gov.mk , а се делат и информативни флаери во сите урбани заедници.